# АКТИВНОСТИ НА МАКЕДОНСКО ГРБОСЛОВНО ДРУШТВО 2018-2023

*Иван Нацевски*

Премрежјата кои станаа нераскинлив дел од работењето на Македонското хералдичко здружение (МХЗ), неминовно укажаа на потребата за почеток на нешто ново. Имено, нужноста од квалитативен скок при истражувањето на македонското хералдичко наследство, но и создавањето ново такво доведе до формирање на Здружението за хералдика, вексилологија и фалеристика МАКЕДОНСКО ГРБОСЛОВНО ДРУШТВО (МГД) (сл. 1). Тоа почна со работа на 15 јули 2018 година, точно на 15-годишнината од почнување на работата на Македонското хералдичко здружение и на денот на престанокот на постоење на МХЗ. Имајќи предвид дека МГД во основата произлегува од раководниот и најактивен кадар на МХЗ, друштвото се смета за наследник на МХЗ, па оттука и целите, задачите и активностите кои тоа ги презеде претставуваат продолжение на дејноста на МХЗ. Во таа смисла, сосема логична прва активност беше формирањето на Извршниот одбор на Македонското грбословно друштво, кој го сочинуваат: претседател и главен хералд, д-р Јован Јоновски, потпретседател и хералд вардарски Иван Нацевски и секретар и хералд еригонски, генерал мајор д-р Павле Арсоски (сл 2).

Неколку дена претходно, на 12 јули 2018 г. во Институт за национална историја се одржа одбраната на докторската теза на претседателот на друштвото Јован Јоновски на тема „Сонцето и лавот како симболи во хералдиката и вексилологијата во Македонија“. Ова претставува




Сл./Fig. 1



Сл./Fig. 2

# ACTIVTITES OF THE MACEDONIAN HERALDIC SOCIETY 2018-2023

*Ivan Nacevski*

The continued obstacles that had become an inseparable part of the work of the Macedonian Heraldry Society (MHS) inevitably indicated the need to start something new. Namely, the necessity of a qualitative leap in the research of Macedonian heraldic heritage, but also the creation of a new organisation, led to the formation of the Society for Heraldry, Vexillology and Phaleristics, MACEDONIAN HERALDIC SOCIETY (MHS) (Fig. 1). It officially started its work on 15 July, 2018, exactly on the fifteenth anniversary of the creation of the Macedonian Heraldry Society and on the very day of the termination of the existence of its predecessor. Taking into account that new MHS basically derives from the management and most active staff of the old MHS, the Society considers itself the successor of the old one, and hence the goals, tasks and activities undertaken by it represent an extension of the previous heraldic activity. In that sense, a completely logical first activity was the formation of the Executive Board of the Macedonian Heraldic Society, which consists of: President and Chief Herald, Dr. Jovan Jonovski; Vice President and Vardar Herald Ivan Nacevski; and Secretary and Erigon Herald, Major General Pavle Arsoski (Fig. 2).

A few days earlier, on 12 July, 2018 at the Institute of National History, the defence of the doctoral thesis of the president of the society, Jovan Jonovski, was held on the topic „The sun and the lion



Сл./Fig. 3

прва одбрана на хералдичка тема во Македонија. Одбраната помина во највисока научна атмосфера и во присуство на широка македонска јавност, но и еминентни гости од странство (сл. 3). Во септември 2018 година Јоновски учествуваше на Четвртата меѓународна конференција за хералдика и вексилологија во Чешин, Полска, каде што настапи со излагањето за Македонскиот територијален хералдички систем. Подоцна, ова излагање е објавено во Грузија, во гласникот на хералдичката комисија при парламентот на Грузија.

Македонското грбословно друштво продолжи да го издава гласникот „Македонски хералд“ како една од своите основни задачи. Така во декември 2018 година излезе неговиот единаесетти број. Во него се дава ретроспектива на десетте броеви издадени во периодот 2005 - 2016 за време на постоењето на МХЗ. Во бројот е поместен индекс на сите објавени статии, како и статија за историјата на МХЗ, според делот Активностите на МХЗ објавувани во секој број. Воедно во него е објавен и регистарот на грбови на МХЗ заклучно со 2016 година.

Една од целите на МГД е објавување стручна научна литература. Во таа насока на почетокот на февруари во наредната 2019 година, од страна на Македонското грбословно друштво во интегрален облик беше објавена тезата на Јоновски со ист наслов. Во текот на годината од страна на Фондацијата за вексилолошко наследство од САД беше објавена и скратена верзија од тезата на англиски јазик. За да се подигне нивото на хералдичка култура и свест во текот на годината беа организирани серија предавања кои ги одржа д-р Јоновски во Скопје. Првото, на тема за македонските грбови и знамиња се случи на 26 февруари. Потоа, во март на Правниот факултет се одржа предавање на тема државна и партиска хералдика. Во април, во предвелигденскиот период имаше две предавања за симболиката на крстот. Во јуни беше одбележан Меѓународниот ден на хералдиката, со положување свежо цвеќе на споменикот на Христофор Жефарович и со две предавања, и тоа едното на Иван Нацевски на тема: Македонија меѓу европската и

as symbols in heraldry and vexillology in Macedonia". This represents the first doctoral thesis of a heraldic matter in Macedonia. The defence took place in the highest scientific atmosphere and in the presence of a wide Macedonian public, as well as eminent guests from abroad (Fig. 3). In September 2018, Jonovski participated in the 4th International Conference on Heraldry and Vexillology in Cieszyn, Poland, where he gave a presentation on the Macedonian territorial heraldic system. Later, this presentation was published in Georgia, in the gazette of the Heraldic Commission of the Parliament of Georgia.

The Macedonian Heraldic Society continued to publish its gazette Macedonian Herald as one of its basic tasks. In December 2018, the eleventh issue was published; this issue gave a retrospective of the ten numbers issued between 2005 and 2016 during the existence of the first MHS. An index of all published articles as well as an article on the history of the old MHS, according to the section Activities of the Society published in each issue, was included in the issue. At the same time, the register of coats of arms recorded by the Society to 2016 was also published in it.

One of the goals of the MHS is the publication of professional scientific literature. To that aim, at the beginning of February 2019, the Macedonian Heraldic Society published Jonovski's thesis under the same title  An abridged version of the thesis in English was also published during the year by the Vexillology Heritage Foundation of the United States. In order to raise the level of heraldic culture and awareness during the year, a series of lectures were organized by Dr. Jonovski in Skopje. The first lecture, on the topic of "Macedonian coats of arms and flags", took place in February. Then, in March, a lecture was held at the Faculty of Law on the topic of state and party heraldry. In April, during Lent, there were two lectures on the symbolism of the cross. In June, the International Day of Heraldry was marked, with the laying of flowers on the monument of Christofor Zhefarovich after which two lectures were held, one by Ivan Nacevski on the topic: "Macedonia between European and Illyrian

илирската хералдика: влијанија и преплетување, а пак на второто Јоновски зборуваше за Матковски и македонската хералдичка мисла.

Наредната 2019 година на 16 јули, на XXVII интернационален конгрес на вексилологија во Сан Антонио, САД, МГД, претставувано од Жељко Хајмер како член на друштвото, беше повторно примено во членство на оваа престижна светска научна федерација. Д-р Хајмер, кој воедно е претседател на Хрватското грбословно и заставословно друштво, а воедно и вонреден член на МГД, беше избран за претседател на ФИАВ, Интернационална федерација на вексилолошките асоцијации, која воедно и го организира конгресот. Во септември 2019 година, претседателот на МГД, д-р Јоновски, ги посети колегите во Белград, Драгомир Ацовиќ и Ненад Јовановиќ. Во октомври, претседателот на ФИАВ, д-р Хајмер, престојуваше на тридневна посета на МГД при што одржа три предавања: Најнапред на Правниот факултет „Јустинијан Први“ на тема Симболите како обележја на државата, со примери на современа употреба на знамињата во Хрватска. Второто предавање се одржа во здружението „Изгрев“ на тема Хрватскиот национален идентитет: грбовите и знамињата на општините во Хрватска. Третото предавање беше во Еврејската заедница на тема Симболите на еврејскиот народ и на државата Израел (сл. 4). Подоцна д-р Јоновски ја возврати посетата и во Загреб оствари средба со д-р Стјепан Ќосиќ, вонреден член на МГД и автор на исклучително важното дело „Идеологија на идентитетот“. Средба беше остварена и со д-р Тијана Трако Пољак, автор на студија за симболите на хрватскиот идентитет. Во меѓувреме во списанието Историја на Сојузот на историчарите на Република Македонија е објавена статијата на Јоновски со наслов „Развојот на македонската хералдичка мисла“. Во ноември Јоновски беше и на годишното собрание на Бугарското хералдичко и вексилолошко друштво при што дојде до промена на раководството каде што долгогодишниот претседател и член на МГД, д-р Стојан Антонов, беше наследен од Александар Алексиев. На почетокот на декември, во Струмица се одржа



Сл./Fig. 4

heraldry: influences and interweaving” and, at the second one, Jonovski spoke about “Matkovski and Macedonian heraldic thought”.

On 16 July, 2019 at the XXVII International Congress of Vexillology in San Antonio, USA, MHS, represented by Željko Heimer as a member of the society, was re-admitted to the membership of this prestigious world scientific federation. Dr. Heimer, who is also the president of the Croatian Heraldic and Heraldic Society, was elected president of FIAV, the International Federation of Vexillological Associations, which also organises the congress. In September 2019, the President of MHS, Dr. Jonovski, visited his colleagues in Belgrade, Dragomir Acovic and Nenad Jovanovic. In October, the president of FIAV, Dr. Heimer, made a three-day visit to MHS, during which he gave three lectures: the first was at the Faculty of Law, Justinian I, on the topic of “Symbols as symbols of the state, with examples of the contemporary use of flags in Croatia”; the second lecture was held at the Izgrev Society on the topic of “Croatian national identity: coats of arms and flags of municipalities in Croatia”; and the third and final lecture was among the Jewish Community on the topic of the “Symbols of the Jewish People and the State of Israel” (Fig. 4). Later, Dr. Jonovski returned the visit and in Zagreb had a meeting with Dr. Stjepan Ćosić, associate member of MHS and author of the extremely important work „Ideology of Identity“. A meeting was also held with Dr. Tijana Trako Poljak, author of a study on the symbols of Croatian identity. Meanwhile, Jonovski‘s article titled „The Development of Macedonian Heraldic Thought“ was published in the journal History of the Society of Historians of the Republic of Macedonia. In November, Jonovski also attneded the annual meeting of the Bulgarian Heraldic and Vexillological Society, during which there was a change of leadership where the long-time president and member of MHS, Dr. Stojan Antonov, was succeeded by Aleksandar Alexiev. At the beginning of December, a scientific meeting was held in Strumica on the subject of

научна средба на тема Христофор Жефаровиќ и неговото време на која зедоа учество д-р Јоновски и Иван Нацевски.

Следната 2020 година беше обележана од карантинот на пандемијата на ковид-19. Во тоа време низ социјалните мрежи повторно се актуализираше 15 мај како ден на македонското знаме. Станува збор за датум на кој во 2010 година е поставено првото големо знаме во рамките на кампањата за поставување знамиња низ земјата од страна на тогашната власт (сл. 5). Како реакција на тој феномен, а и по повод дваесет и петтата годишнина од усвојувањето на „новото“ знаме на Република Македонија, токму на 5 октомври 2020 година Јоновски одржа предавање на тема „25 години од државното знаме“. На истото се разгледа процесот за усвојување на „првото“ знаме во 1992 г., како и настаните и процесите што доведоа до потребата од промена на знамето во 1995 година. Потоа беше претставен и развојот на дизајнот на знамето од првичните концепти за знаме и грб, па сè до конечно избраниот дизајн. Беше посветено внимание и на дилемата кој е автор на знамето, Мирослав Грчев или Костадин Танчев-Динката. Во тие отежнати пандемиски услови излезе од печат и Зборникот од Вториот научен собир во чест на покровителите и заштитниците на градот Струмица – св. Петнаесет тивериополски свештеномаченици со тема „Христофор Жефарович и неговото време“, во организација на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Струмица којшто се одржа претходната година. Во Зборникот се објавени рефератите на Јован Јоновски „Хералдиката на Жефарович“, и Иван Нацевски „Инверзијата на македонскиот земски грб во стематографиите на Жефарович и Витезовиќ – Можни причини и влијанија“. Продолжи и работата на регистарот и збогатување на сајтот со нови содржини.

Пандемијата ковид-19 во голема мера го промени начинот на размислување и дејствување. Светот влезе во една посебна состојба каде што поради многубројните рестрикции и карантин, сите активности и собири беа суспендирани повеќе од две години. Беа одложени




Сл./Fig. 5

Hristofor Žefarović and his time, at which Dr. Jonovski and Ivan Nacevski took part.

The following year, 2020, was marked by the quarantines of the Covid 19 pandemic. At that time, 15 May became commemorated again through social networks as the day of the Macedonian flag. This is the date on which the first big flag was displayed in 2010 as part of the campaign to place flags across the country by the then government (Fig. 5). As a reaction to that phenomenon, and on the occasion of the twenty-fifth anniversary of the adoption of the „new“ flag of the Republic of Macedonia, precisely on 5 October 2020, Jonovski gave a lecture on the topic „25 years of the national flag“. The process for the adoption of the „first“ flag in 1992, as well as the events and processes that led to the need to change the flag in 1995, were also reviewed. Then the development of the flag design was presented, from the initial concepts for the flag and coat of arms, right up to the finally approved design. Attention was also paid to the dilemma of who is the designer of the flag, Miroslav Grchev or Kostadin Tanchev-Dinkata. In those difficult pandemic conditions, the Corpus of the Second Scientific Meeting in honour of the patrons and protectors of the city of Strumica, the fifteen priest-martyrs from Tiveriopol, with the theme „Hristofor Žefarović and his time“, organized by the NU Institute for the Protection of Cultural Monuments and Museum - Strumica, which was held the previous year was published. Jovan Jonovski‘s essays „The heraldry of Žefarović“ and Ivan Nacevski’s „The inversion of the Macedonian coat of arms in the stematographies of Žefarović and Vitezović - Possible causes and influences“ were published in the Corpus. Work on the registry and enrichment of the MHS website with new content continued.

The Covid 19 pandemic has greatly changed the way of thinking and acting. The world entered a special situation where due to numerous quarantines and restrictions, all activities and gatherings were suspended for more than two years. The World Vexillological Congress and the World Heraldic and Genealogical Congress

Светскиот вексилолошки конгрес и Светскиот хералдички и генеалошки конгрес. Соочени со тие предизвици, и активностите на Македонското грбословно друштво главно се префрлија онлајн. Се продолжи со неформални средби на мали групи од членовите на МГД кога за тоа се укажуваше можност. Традиционалниот научен собор на НУ Музеј Струмица со тема „БАЛКАНОТ и балканските народи – паралели во историјата и во современоста“, планиран за декември 2020 година не се одржа, но сепак пристигнатите трудови беа објавени во зборник во 2021, во кој статии имаа Иван Нацевски со наслов „Знамињата на соседните земји на Македонија“ и д-р Јован Јоновски со наслов „Грбовите на балканските земји“. Работата над гласникот „Македонски хералд“ во овој период беа главна активност на друштвото. Имено, „Македонски хералд“ продолжи да излегува два пати годишно со несмален обем. Дополнително беа објавени и неколку статии и прилози за македонската хералдика и вексилологија во странство. Јован Јоновски во 2021 ги објави следните статии: „Хералдиката во Македонија со посебен осврт на Народна/ Социјалистичка Република Македонија до 1991 година“ како и Хералдиката во Република Македонија (1991 - 2019) во списанието „Генеологија“. Потоа следуваше и негова опширна статија за знамето на Македонија во „Флагмастер“, списание на Институтот за знамиња од Обединетото Кралство, како и опширна статија насловена „Грбовите на Македонија“ во „Армигер њус“ (сл. 6), списание на Американскиот хералдички колеџ. Во реномираното списание „Генеалогија“ статија објави и потпретседателот Иван Нацевски со наслов: „Појавата и развојот на грбот на Македонија во илирската хералдика“. Во овој период беа остварени и разни настапи во пишани и електронски медиуми.

Чествувањето на 10 јуни како Светски ден на хералдиката, во текот на 2020-22, три пати по ред беше одбележуван само со положување цвеќе на споменикот на Христофер Жефаровиќ, додека традиционалните предавања, поради познатите причини не се одржуваа. Во текот на 2022 година, со намалување на рестриктивните мерки за одржување настани и патување, активностите




Сл./Fig. 6

were postponed. Faced with those challenges, the activities of the Macedonian Heraldic Society have mainly moved online. It continued with informal meetings of small groups of members of the MHS when there was an opportunity for it. The traditional scientific conference of NU Museum Strumica with the theme „Balkans and the Balkan peoples - parallels in history and in the present“, planned for December 2020, did not take place, but the selected papers were published in a corpus in 2021, in which there were articles by Ivan Nacevski with title „Flags of the neighboring countries of Macedonia“ and Dr. Jovan Jonovski with the title „Coats of arms of the Balkan countries“. The work on the gazette Macedonian Herald was the main activity of the Society in this period. Namely, the Macedonian Herald continued to be published twice a year. In addition, several articles and contributions on Macedonian heraldry and vexillology were published abroad. In 2021, Jovan Jonovski published the following articles: „Heraldry in Macedonia with special reference to the People‘s/ Socialist Republic of Macedonia until 1991“ as well as “Heraldry in the Republic of Macedonia (1991-2019)” in the journal Genealogy. This was followed by his extensive article on the Flag of Macedonia in Flagmaster, the magazine of the United Kingdom Flag Institute, as well as an extensive article entitled „The Arms of Macedonia“ in Armiger News (Fig. 6), the magazine of the American College of Heraldry. Vice President Ivan Nacevski also published an article in Genealogy entitled: „The appearance and development of the Coat of Arms of Macedonia in Illyrian heraldry“. During this period, the MHS made various appearances in written and electronic media.

The celebration of 10 June as the World Heraldry Day, during 2020-22, was marked three times in a row only by laying flowers on the monument of Hristofer Žefarović, while the traditional in-person lectures, for obvious reasons, were not held. During 2022, with the reduction of restrictive measures for holding events and travel, activities again began to slowly but surely return to the „new normal“. At the 29th International

повторно почнаа полека но сигурно да се враќаат на „новото нормално“. На 29. Меѓународен конгрес по вексилологија, кој се одржа на 11-15 јули 2022 година во Љубљана, претседателот на МГД, д-р Јован Јоновски, настапи со предавањето „Феноменот на мијачкото знаме“. Светската федерација на вексилолошки здруженија (FIAV) воедно му го врачи своето највисоко признание Лауреат на федерацијата (Laureate of the Federation), за неговите активности за развојот на научната на вексилологија (сл. 7). На конгресот се зацврстија старите и се остварија нови пријателства со нови здруженија членки на ФИАВ.



Сл./Fig. 7

Во текот на летото беа остварени и посети во Белград на хералдичарите Драгомир Ацовиќ, долгогодишен претседател и хералд на Српското хералдичко друштво „Бел орел“, како и со хералдот Ненад Јовановиќ. Во Атина средби се остварија со Јоанис Влазакис од Грчкото хералдичко здружение и хералдичарот Дерек Хаурд од Лондон. Во ноември претседателот на МГД учествуваше на годишната средба на Бугарското хералдичко и вексилолошко друштво во Софија. Во 2022 година беше одржан и 35. Меѓународен конгрес на генеолошки и хералдички науки во Кембриџ.

Годината 2023 почна со средба за одбележување на дваесетгодишнината од првата неформална средба на љубители на хералдика остварена на 18.2.2003 година. Имено, од оваа средба произлезе идејата за формирање здружение кое ќе се занимава со проучување на хералдиката. Во чест на јубилејот, членот на МГД Димитриј Михајловски, академски уметник, покажа дел од своите цртежи. Во рамки на одбележувањето на 2 Април – Денот на 1. пешадиска бригада на Армијата, Трајче Трајков во касарната во Петровец организираше изложба на амблеми и значки од командите и единиците на АРМ (1992 - 2019). Пред присутните беа презентирани над 600 ознаки од неговата лична колекција, а изложбата беше посетена и од министерката за одбрана, Славјанка Петровска. За целокупниот ангажман Трајче Трајков од командантот на бригадата доби плакета и пофалница.

Во април, во Варшава се одржа втората кон-

Congress of Vexillology, which took place on 11-15 July, 2022 in Ljubljana, the president of MHS, Dr. Jovan Jonovski, presented his lecture „The Phenomenon of the Mijak Flag“. The World Federation of Vexillological Societies (FIAV) also presented him with its highest recognition, Laureate of the Federation, for his activities for the development of scientific vexillology (Fig. 7). At the congress, old friendships were strengthened and new friendships were made with new associations that are members of FIAV.

During the summer, he visited the herald Dragomir Acovic, long-time president and herald of the Serbian Heraldic Society „White Orel“ and the herald Nenad Jovanovic in Belgrade. In Athens, meetings were held with Ioannis Vlazakis from the Greek Heraldic Association and the heraldist Derek Howard from London. In November, the president of MHS participated in the annual meeting of the Bulgarian Heraldic and Vexillological Society in Sofia. In 2022, the 35th International Congress of Genealogical and Heraldic Sciences was held in Cambridge.

2023 began with a meeting to mark the twentieth anniversary of the first informal meeting of heraldry lovers held on 18 February, 2003. It was from this meeting that the idea of forming a society of some sort that would deal with the study of heraldry arose. In honour of the anniversary, MHS member Dimitrij Mihajlovski, an academic artist, gave a presentation of some of his drawings. As part of the celebration of 2 April, the Day of the 1st Infantry Brigade of the Army, MHS member Trajche Trajkov organized an exhibition of emblems and badges of the commands and units of the Macedonian Army (1992-2019) in the barracks in Petrovec. More than 600 insignia from his personal collection were shown to the attendees, and the exhibition was also visited by the Minister of Defence, Slavjanka Petrovska. Trajche Trajkov received a plaque and a letter of commendation from the brigade commander for his overall commitment.

In April, the second conference of the Polish Heraldic Society on the topic „Heraldry and Religion“ was held in Warsaw. The Chief Herald

ференција на Полското хералдичко друштво на тема „Хералдиката и религијата“. На конференцијата зедоа учество главниот и вардарскиот хералд на МГД. Иван Нацевски настапи со тема „Елементи на православната хералдика во Македонија“, а Јован Јоновски со „Католичката и протестантската хералдика во Македонија“. Во мај, на вториот конгрес на Романското хералдичко друштво одржан во Јаши, зеде учество Јоновски со тема „Хералдизирање на територијалната хералдика во Македонија“. На конгресот учествуваа и пет члена на Меѓународната академија по хералдика Силвиу Тату, Атила Серекеш, Стојан Антонов, Јоновски, Теодор Раду Тирон. Во текот на конгресот, Јоновски го посети и државниот архив во Јаши, каде што ја истражуваше Златната книга на воениот Константинов ред на св. Ѓорѓи, во која се наоѓа и грбот на охридскиот архиепископ Јоасаф II. Хералдичкиот уметник од комисијата за хералдика на Романија, Тирон, му подари свој емблазон на грбот на Јоновски. Оваа година Меѓународниот ден на хералдиката се одбележа со положување цвеќе пред споменикот на Христофор Жефаровиќ и со пригодни предавања. Цвеќето го положија потпретседателот Нацевски, претседателот Јоновски и секретарот на МГД, Арсоски (сл. 8). Предавањата беа одржани од Иван Нацевски на тема „Грбовите на Македонија во западноевропските средновековни извори - нови сознанија“ и Јован Јоновски на тема „Грбови на охридските архиепископи“. Подоцна, во јуни Јоновски учествуваше на конференцијата организирана од Литванското биро за хералдика по повод 700 години од главниот град на Литванија, Вилнус. Насловот на неговиот реферат беше „Грбот на градот Скопје“. Во јуни излезе и дваесеттиот јубилеен број на гласникот „Македонски хералд“. Кон крајот на ноември 2023 година, во Штип беше одржана 1. Меѓународна научна конференција на тема „Македонија – Крстопат на епохи, цивилизации и култури, историја – археологија – уметност во организација на Институтот за историја и археологија при Факултетот за образовни науки на УГД. На конференцијата активно учествуваа Иван Нацевски и


Сл./Fig. 8

and Vardar Herald of MHS took part in the conference. Ivan Nacevski presented a lecture the topic „Elements of Orthodox Heraldry in Macedonia“, and Jovan Jonovski a lecture „Catholic and Protestant Heraldry in Macedonia“. In May, at the second congress of the Romanian Heraldic Society held in Iasi, Jonovski participated with the topic „Heraldisation of territorial heraldry in Macedonia“. Five members of the International Academy of Heraldry, Silviu Tatu, Atila Serekesh, Stojan Antonov, Jonovski, and Teodor Radu Tiron participated in the congress. During the congress, Jonovski also visited the state archive in Iasi, where he researched the Golden Book of the Military Constantinian Order of St. George, which also contains the coat of arms of the Archbishop of Ohrid, Joasaf II. The heraldic artist of the Heraldry Commission of Romania, Tiron, presented his emblazon of Dr. Jonovski's coat of arms to Jonovski. This year, the International Day of Heraldry was marked by laying flowers in front of the monument of Hristofor Žefarović and with appropriate lectures. The flowers were laid by, President Jonovski, Vice-President Nacevski and the Secretary of the MHS, Arsoski (Fig. 8). The lectures were given by Ivan Nacevski on the topic „Arms of Macedonia in Western European medieval sources - new findings“ and Jovan Jonovski on the topic „Arms of the Archbishops of Ohrid“. Later in June, Jonovski participated in a conference organized by the Lithuanian Bureau of Heraldry on the occasion of 700 years of the capital of Lithuania, Vilnius. The title of his report was „Coat of arms of the city of Skopje“. In June, the twentieth jubilee issue of the Macedonian Herald was published. Towards the end of November 2023, the 1st International Scientific Conference was held in Shtip on the topic „Macedonia - Crossroads of eras, civilizations and cultures, history - archeology - art, organized by the Institute of History and Archeology at the Faculty of Educational Sciences of the University of Goce Delcev. Ivan Nacevski and Jovan Jonovski took an active part in the conference with their reports: “Alexander the Great in European heraldry”

Јован Јоновски со своите реферати: Александар Македонски во европската хералдика и Преглед на одликувањата на Република Македонија, соодветно. Продолжи и работата на регистарот и збогатување на сајтот со нови содржини.

Како што беше напоменато на почетокот издавањето на гласникот „Македонски хералд“ е една од основните задачи на МГД (сл. 9). Затоа уште на самиот почеток беше донесена одлука дека списанието треба да прерасне од научно – популарно со информативен карактер во научно списание. За таа цел беше основан меѓународен уредувачки одбор во состав: д-р Јован Јоновски, главен и одговорен уредник; Иван Нацевски, секретар; д-р Стојан Антонов (Бугарија); д-р Жељко Хајмер (Хрватска); проф. д-р Иван Балта (Хрватска); доц. д-р Емир О. Филиповиќ (Босна и Херцеговина); проф. д-р Стјепан Ќосиќ (Хрватска); д-р Тудор-Раду Тирон (Романија); д-р Агне Рајлајте-Барде (Литванија); проф. д-р Мито Панов (Македонија); проф. Лазе Трипков (Македонија); д-р Ан М. Платоф (САД). Гласникот продолжи да излегува како двојазичник на македонски и англиски јазик. Статиите во него се рецензирани оригинални научни истражувања. Гласникот е отворен за истражувачи од Македонија и странство. Од основањето на МГД до сега се издадени 10 броја на „Македонски хералд“. Продолжи и работата на Македонскиот хералдички регистар и збогатување на сајтот со нови содржини. Во текот на работењето на МГД во регистарот се регистрирани триесет и девет грба. Со тоа вкупната бројка на регистрирани грбови во овие две десетлетија активна хералдичка работа е седумдесет и три.




Сл./Fig. 9

and "Overview of the decorations of the Republic of Macedonia", respectively.

As mentioned at the beginning, publishing the Macedonian Herald is one of the main tasks of MHS (Fig. 9). Therefore, at the very beginning, a decision was made that the gazette should grow from a scientific-popular one with an informative character into a scientific gazette. For this purpose, an international editorial board was established, consisting of: Dr. Jovan Jonovski, editor-in-chief; Ivan Nacevski, secretary; Dr. Mito Panov; Dr. Stojan Antonov (Bulgaria); Dr. Željko Heimer (Croatia); Prof. Dr. Ivan Balta (Croatia); Assoc. Dr. Emir O. Filipović (Bosnia and Herzegovina); Prof. Dr. Stjepan Kosic (Croatia); Dr. Tudor-Radu Tiron (Romania); Dr. Agne Reilaite-Barde (Lithuania); Prof. Prof. Laze Tripkov (Montenegro); Dr. Anne M. Platoff (USA). Macedonian Herald continued to be published as a bilingual gazette in Macedonian and English. The articles in it are peer-reviewed original scientific research. Macedonian Herald is open to researchers from Macedonia and abroad. Since the founding of MHS, ten issues of the Macedonian Herald have been published and work on the registry and enrichment of the website of MHS with new content has continued. Since the foundation of MHS, thirty-nine coats of arms have been registered in the its register. Thus, the total number of registered coats of arms in these two decades of active heraldic work of the two Societies has risen to seventy-three.

*Знамето на МГД*



*The flag of MHS*



## СИМБОЛИ НА МАКЕДОНСКО ГРБОСЛОВНО ДРУШТВО

Со основањето на македонско грбословно друштво нужно се постави и прашањето за неговите симболи. МГД како наследник на старото МХЗ за свој симбол го задржа сребрениот хипокам како еден од симболите на Александар Македонски. При тоа, перото и хералдичката палка беа напуштени, а самиот хипокамп беше вооружан златно. МГД има грб со сите три хералдички форми: мал, среден и голем грб; како и хералдички стандард - квадратно знаме изведено од малиот грб.

Покрај грбот на друштвото, како правен субјект, Статутот пропишува и други грбови на позиција за своите грбовни службеници: хералди и персеванти. Хералдите и персевантите, традиционално, во своите титули содржат географска одредница (област, град, река итн). Така, покрај главниот хералд, функциите на другите грбовни службеници се наречени според македонските реки. Хералдите Вардарски и Еригонски, а Персевантите Пчински и Брегалнички. Претседателот на друштвото воедно врши функција на Главен хералд, а неговиот помошник функција персевант Пчински. Потпретседателот врши функција на Вардарски хералд, а неговиот помошник пчински Брегалнички. Секретарот ја носи функцијата хералд Еригонски.

За овие грбови беа разработени и соодветни хералдички круни и палки: круна и палка на МГД и на Главниот Хералд, хералдска и персевантска круна и палка. Основни симболи на круните се афион и дабов лист. Средниот грб на МГД се користи како грб на Главен Хералд. Блазонот на грбот гласи: Црвено, сребрен хипокамп, вооружан златно. Над штитот круна на главен хералд на МГД. Зад штитот вкрстени две палки на главен хералд. Големиот грб

## SYMBOLS OF THE MACEDONIAN HERALDIC SOCIETY

With the foundation of the Macedonian Heraldic Society, the question of its symbols was necessarily raised. The new MHS, as the successor of the old one, kept the Hippocampus Argent, for its symbol. The hippocampus is known as one of the symbols of Alexander the Great. In doing so, the quill and the heraldic baton were abandoned, and the hippocampus itself was armed Or. The coat of arms of MHS has all three heraldic forms: small, medium and large coat of arms; as well as a heraldic standard - a square flag derived from the small coat of arms.

In addition to the coat of arms of the Society as a legal entity, the Statute also prescribes other coats of arms for the Society's heraldic officers: heralds and persuivants. Heralds and persuivants traditionally include a geographical designation (district, city, river, etc.) in their titles. Thus, in addition to the chief herald, the functions of other heraldic officers are named after Macedonian rivers. The Heralds of Vardar and Erigon, and the Persuivants of Pchinja and Bregalnica. The president of the Society also performs the function of Chief Herald, and his assistant the function of Pchinja Persuivant. The vice-president performs the function of Vardar Herald, and his assistant the Bregalnica Persuivant. The Secretary of the Society holds the post of Erigon Herald.

Appropriate heraldic crowns and batons were developed for these coats of arms: crown and baton of the MHS and the Chief Herald, heraldic and persevant crown and baton. The symbols used on the crowns are the poppy and oak leaf. The middle coat of arms of the MHS is used as the coat of arms of the Chief Herald. The blazon of the arms reads: Gules, a hippocampus Argent, armed Or. Above the shield a crown of the Chief Herald of the MHS. Behind the shield two batons of the Chief Herald in saltire. The large coat of

е дополнет со: над штитот голема црвена мантија, поставена сребрено, со круна на главен хералд на МГД.

Грбот на Хералдот Вардарски го има следниот блазон: Црвено, шест брановидни ремена, сини, сребрен хипокамп, со канџи, јазик, грива и перка, сите златни. Над штитот хералдска круна. Зад штитот вкрстени две хералдски палки. Брановидните ремени ги претставуваат македонските реки Вардар, Треска, Пчиња, Брегалница, Бабуна, Црна.

Грбот на Хералдот Еригонски има блазон кој гласи: Пурпурно, винова лоза со плод, сето златно, во основа два брановидни ремена, сребрени. Над штитот хералдска круна. Зад штитот вкрстени две хералдски палки. Двата брановидни ремена ја претставуваат реката Црна односно древната Еригон. Виновата лоза со плод ја претставува областа Тиквеш и лозарството кое се одвива по текот на реката.

Грбот на Персевантот Брегалнички има блазон кој гласи: Сино, на брег сребрена тврдина со три кули, во основа два сини брановидни ремени. Над секоја кула по една осумкрака златна ѕвезда. Над штитот персевантска круна. Зад штитот вкрстени две персевантски палки. Двата брановидни ремена ја претставуваат реката Брегалница. Брегот е асоцијација со името на реката, а тврдината ги претставува двете главни историски упоришта во текот на истата. Имено, станува збор за градот Штип односно дрвено Астибо и градот Баргала. Трите златни ѕвезди се асоцијација на градот Струмица односно неговото прво познато историско име Астрајон.

Грбот на Персевант Пчински го има следниот блазон: Расечен на сино и црвено, два брановидни ремена, обратно обоени, врз сѐ искорнато дабово дрво, сребрено. Над штитот персевантска круна. Зад штитот вкрстени две персевантски палки. Двата брановидни ремена ја претставуваат реката Пчиња. Имено, Пчиња тече од планината Козјак чиј највисок врв е Перен (Перун), а се влива во Катланово меѓу Скопје и Велес. Оваа дуалност меѓу боговите Перун и Велес беше основа за избор на дабот како свето дрво за боговите громовници. Така, крошната на дабот го симболизира Перун односно небото, а корењата Велес односно подземјето. Расечувањето на штитот на две бои ја симболизира вечната борба меѓу овие две божества.

arms is additionally fitted: above the shield a great mantle Gules doubled Argent crowned with Chief herald's crown Or.

The coat of arms of the Vardar Herald has the following blazon: Gules, six bars wavy Azure, over all Hippocamp Argent, armed, langued, crined and queued Or. Above the shield herald's crown. Behind the shield, two herald's batons in saltire. The six bars wavy represent the Macedonian rivers: Vardar, Treska, Pchinja, Bregalnica, Babuna and Crna (Erigon).

The coat of arms of the Erigon Herald has a blazon which reads: Purple, a grapevine fruited Or, two bars wavy Argent. Above the shield herald's crown. Behind the shield, two herald's batons in saltire. The two bars wavy represent the River Crna, i.e. the ancient Erigon. The vine with fruit represents the area of Tikvesh and the viticulture that takes place along the course of the river.

The coat of arms of the Bregalnica Persuivant has a blazon which reads: Azure, issuant from mount triple towered castle Argent, over each tower mullet of eight points Or. Two bars wavy Azure in the base. Above the shield pursuivant's crown. Behind the shield, two pursuivant's batons in saltire. The two bars wavy represent the Bregalnica River. The bank is associated with the name of the river, and the fortress represents the two main historical strongholds along the river. Namely, the city of Shtip, i.e. ancient Astibo and the city of Bargala. The three golden stars are an association of the city of Strumica, i.e. its first known historical name, Astraion.

The coat of arms of the Pchinja Persuivant has the following blazon: Per pale Azure and Gules, two bars wavy counter charged. Overall an Oak three eradicated Argent. Above the shield pursuivant's crown. Behind the shield, two pursuivant's batons in saltire. The two wavy belts represent the Pchinja River. Namely, the Pchinja flows from Kozjak mountain whose highest peak is Peren (Perun), and flows into Katlanovo between Skopje and Veles. This duality between the gods Perun and Veles was the basis for choosing the oak tree as a sacred tree for the thunder gods. Thus, the canopy of the oak symbolizes Perun, that is, the sky, and the roots, Veles, that is, the underworld. Cutting the shield into two colors symbolizes the eternal struggle between these two deities.